# СТРАТЕШКИ ПЛАН

2009 - 2011






Република Македонија

Министерство за финансии

УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ


# Стратешки план 2009 - 2011


Декември, 2008 година

# СОДРЖИНА


МИСИЈА ........ 3

ВИЗИЈА ........ 3

НАДЛЕЖНОСТ ........ 4

СТРУКТУРА ........ 4

ПРОГРАМИ ........ 5

- Зајакнување на административниот капацитет на УЈП ........ 7
- Проширување на функциите и надлежностите на УЈП ........ 11
- Обезбедување на зголемено ниво на даночните приходи во Буџетот на Република Македонија ........ 13
- Подобрување на услугите кон даночните обврзници ........ 16
- Развој на човечките ресурси ........ 18
- Зајакнување на меѓународната соработка со членките на Европската унија и со други земји ........ 20




# МИСИЈА

Нашата мисија е да обезбедиме висок квалитет на услуги за даночните обврзници и поедноставни даночни постапки за навремено и точно исполнување на обврските и праведно и ефикасно собирање на даноците и јавните давачки.

# ВИЗИЈА

Зголемувањето на административните капацитети и подигнувањето на квалитативните стандарди на работење на даночната администрација треба да обезбеди Управата за јавни приходи да претставува модел на професионална организација во јавниот сектор, како и за приближување кон практиките и стандардите на Европската Унија.

# НАДЛЕЖНОСТИ

Управата за јавни приходи (УЈП) функционира единствено на територијата на Република Македонија. Врз основа на Законот за Управата за јавни приходи, ги извршува управните и други стручни работи кои се однесуваат на делокругот на нејзиното работење, како и работите кои произлегуваат од посебните даночни закони. Управата за јавни приходи оперативно ја спроведува даночната политика и врши наплата на даноци и други јавни давачки, со што обезбедува остварување на функциите на државата.

# СТРУКТУРА

## Постојна структура

Управата за јавни приходи е орган на државната управа во состав на Министерството за финансии со својство на правно лице. Работите од својот делокруг ги извршува преку Генерална Дирекција, Дирекција за големи даночни обврзници (ДГДО), шест регионални дирекции и дваесетичетири даночни одделенија со вкупно 1.250 вработени (состојба на 30.09.2008).
Според организационата поставеност, УЈП ги извршува своите функции според регионална поделба и големина на даночни обврзници, но за суштинските надлежности трите нивоа се функционално поврзани.

## Планирани промени

Со цел зголемување на ефикасноста и ефективноста во работењето, а пред сè, подобрување на услугите кон даночните обврзници, УЈП постепено ја напушта територијалната надлежност и преминува кон функционална поставеност на организационите единици. Во текот на 2009 година, се планира да се работи по нова организациона структура поддржана со соодветни акти. Со новата организациона структура се поддржува децентрализација на функцијата „услуги на даночни обврзници˝ која ќе се реализира преку регионалните дирекции, даночните одделенија, но и мрежа на даночни шалтери. Во исто време, новата организација ја поддржува и централизацијата на функцијата „прием и обработка на даночни пријави„ и „присилна наплата на даночните долгови", преку развојот на Центарот за обработка на пријави и Центарот за впаричување на долгови.



# ПРОГРАМИ

Стратешките приоритети на Управата за јавни приходи ги содржат основните развојни компоненти чија реализација е планирана во периодот 2009 - 2011 година. Документот ги обезбедува генералните насоки како приоритетни цели, мерките кои треба да се преземат за нивно реализирање и активностите, кои треба да обезбедат не само реализација на основната мисија и визија на институцијата, туку ќе претставуваат и темел за изградба на современ даночен орган со висок углед и интегритет кај даночните обврзници, домашната и меѓународната јавност - доверба во професионалноста, ефикасноста, транспарентноста и услужната ориентираност.

За периодот 2009-2011 година, Управата за јавни приходи планира шест основни стратешки цели. Најголем предизвик за УЈП, од почетокот на 2009 година, ќе биде спроведувањето на новите надлежностите по основ на администрирањето на социјалните придонеси и на водењето на прекршочните постапки и воведувањето на новиот Даночен Информационен Систем на УЈП (ДИС).
Со тоа треба да се воспостави нов квалитет во надлежностите на УЈП и во остварувањето на правата и должностите на даночните обврзници. Со интегрирање на ваквите активности во една институција се обезбедуваат услови за намалување на трошоците на постапките и кај администрацијата и кај даночните обврзници, но и за засилување на даночната дисциплина.
Проширувањето на надлежностите на УЈП е доста значајно и заради извонредно големиот напор што во досегашниот и во претстојниот период ќе треба да се вложува за обезбедување на правилно функционирање на системот и заради потребата од ангажирање на значајни финансиски и други ресурси – современо ИТ, просторно и друго материјално опремување и обезбедување кадар и негова едукација.

Предвидените цели и задачи се планира да се реализираат преку следните мерки и поединечни активности:

- ✓ Зајакнување на административните капацитети на УЈП
- ✓ Проширување на функциите и надлежностите на УЈП
- ✓ Обезбедување зголемено ниво на даночните приходи во Буџетот на Република Македонија
- ✓ Подобрување на услугите кон даночните обврзници
- ✓ Развој на човечките ресурси
- ✓ Зајакнување на меѓународната соработка со членките на Европската Унија и со други земји




## ЗАЈАКНУВАЊЕ НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ КАПАЦИТЕТИ НА УПРАВАТА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ





# ЗАЈАКНУВАЊЕ НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ КАПАЦИТЕТИ НА УЈП

УЈП има за цел да ги зајакне своите административни капацитети за спроведување на законодавството, кое се усогласува со европското aqui, за водење ефикасна борба против одбегнувањето плаќање даноци, преку:

- ***Натамошно унапредување на работата со средни и мали даночни обврзници*** преку воведување на современи стандарди и методи на работа со средните и малите даночни обврзници, односно комплетно осовременување на работата на регионалните дирекции и преземање на сите позитивни искуства од спроведувањето на Пилот проектот во РД Штип. Истовремено, ќе се развива и применува Стратегијата за услуги кон даночните обврзници и новите методи на контрола по соодветен Акциски план. Активностите на услугите ќе се спроведуваат преку тимови за услуги и континуирана едукација според делокругот на работа. Од почетокот на годината, ќе се отпочне со спроведување на новата организација на УЈП која обезбедува децентрализација на функцијата „услуги на даночни обврзници", со цел тие да бидат присутни и достапни во местата на работа/живеење на даночните обврзници.

- ***Унапредување на работењето со големите даночни обврзници***
  Дирекцијата за големи даночни обврзници, основана 2006 година, ги даде очекуваните резултати. Со цел да се подобри ефикасноста и ефективноста на ДГДО, ќе се применуваат и развиваат алатките за оцена на ризичноста и за подготовка за контрола кај големите даночни обврзници. Преку организирање на форми на групна соработка и преку подобрување на опкружувањето ќе се унапредува транспарентноста на работењето и ќе се работи на зголемување на задоволството на даночните обврзници.

- ***Развивање на системот на централна обработка на даночни пријави***
  Заради постигнување поголема ефикасност и ефективност во процесите на масовни обработки на податоци и нивно уточнување, се врши централизација на обработката на даночните пријави од сите регионални дирекции во еден Центар за обработка на пријави (ЦОП), кој отпочна со работа во 2008 година. Во текот на овој плански период, ќе се врши постепено преземање за обработка на сите видови даночни пријави кои се доставуваат до УЈП. Од 2009 година, ќе се врши информатичко проектирање и доопремување со интегрирано хардверско и софтверско решение за Центарот и соодветна едукација на вработените.







- ***Воведување на интегриран информатички систем зајакнат со безбедносни критериуми***
  Во 2008 година, завршено е изготвувањето на Студијата за новиот интегриран информатички систем на УЈП и започнато е со креирање на новиот систем за деловните процеси. За таа цел, отпочнато е со набавка на нова компјутерска опрема што ќе се одвива континуирано и во наредниот период. Во врска со обезбедување услови за работа на новиот систем, во планскиот период се планира да се изврши реконструкција на систем салата во Генералната Дирекција на УЈП, доградба на безбедносниот систем, набавка на соодветни лиценци, набавка на мрежна опрема, обезбедување на backup комуникациска линија, подобрување на проодноста на мрежата, и мигрирање на податоците од постоечкиот систем на УЈП на новиот систем. Тестирањето на новиот систем ќе отпочне во 2009 година. За користење и одржување на новото решение ќе се изврши обука на вработените, но и обука на инспекторите од ДГДО за спроведување на компјутерска контрола и за имплементација на Excel Office методот за контрола.

- ***Унапредување на системот на внатрешна ревизија***
  За намалување и управување со клучните ризици, како и за унапредување на системот на внатрешни контроли ќе се преработат интерните оперативни инструкции од различните функции со вградување на проценетите ризици. Исто така, ќе бидат воведени нови видови ревизии - ИТ ревизија, ревизија на интегритет, ревизија на користење на средствата од ИПА фондовите, со соодветна обука на внатрешните ревизори.

- ***Размена на податоци на УЈП со други институции***
  За проширување на базата на потребни податоци за работа на функциите на УЈП и реализирање на програмата е-Влада ќе се воспостави интерконекција со други институции на системот: интерконекција со Националната разузнавачка база на податоци (НРБП), надополнето со обезбедување на потребна опрема и простор со контролиран видео надзор; интерконекција со Државната Комисија за спречување на корупција; проширување на размената на податоци со Царинската управа, со Централниот регистар и со Клириншкиот интербанкарски систем.

- ***Развивање на системот на аналитичко информирање за состојбите од работењето и создавање на статистика во УЈП***
  За обезбедување навремено и точно информирање на раководниот тим на УЈП, организационите единици по функции и на јавноста за остварувањето на даночните приходи и по сите други основи, ќе се развива системот за анализирање и информирање за состојбите и ќе се создаваат статистики за податоците на УЈП. За остварување на оваа цел, ќе се изготвуваат разновидни извештаи, анализи, прегледи, планови, евиденции и ќе се создаваат архиви на податоци.



- ***Подобрување на системот на комуникација во рамки на УЈП и информирањето на јавноста***

  Согласно „Стратегијата за комуникација", се работи на јакнење на комуникациските капацитети на УЈП и екипирање на Канцеларијата за односи со јавност и комуникација. Во делот на екстерната комуникација ќе се работи на јакнење на организацискиот лик на УЈП преку донесување на Книга на графички стандарди, издавање на стручни и информативни материјали за даночните обврзници, промоција на настани и нови форми на работа и организација на УЈП. За подобрување на интерната комуникација и создавање на систем на комуникација во рамките на УЈП ќе се воведе Интранет, ќе се изготви Упатство за изготвување пишувани материјали, План за комуникација во кризни состојби со соодветна обука на вработените и други документи кои се однесуваат на комуникацијата и информирањето.

ДОБИВКА

ФИСКАЛИЗАЦИЈА АКЦИЗИ ТАКСИ

ПРИХОДИ ПРИДОНЕСИ

ДАНОЦИ ПРИХОДИ

ПРИДОНЕСИ АКЦИЗИ ДАНОЦИ

ФИСКАЛИЗАЦИЈА

ДОБИВКА

# ПРОШИРУВАЊЕ НА ФУНКЦИИТЕ И НАДЛЕЖНОСТИТЕ НА УПРАВАТА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

## ПРОШИРУВАЊЕ НА ФУНКЦИИТЕ И НАДЛЕЖНОСТИТЕ НА УПРАВАТА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

- ***Администрирање на социјалните придонеси***
  Со цел на поедноставување на постапките и поефикасно администрирање со јавните давачки, обезбедување на задоволувачко ниво на наплата на придонесите, но и за намалување на трошоците на работењето на администрацијата и на даночните обврзници, ќе се развива интегрираната наплата на социјалните придонеси и персоналниот данок. Од почетокот на 2009 година: ќе се изврши набавка на соодветен хардвер и лиценциран софтвер, ќе се дефинираат новите даночни евиденции за интегрираната наплата во надлежните функции на УЈП, ќе се дефинира новиот e-Accounting во интегрираниот ИТ систем на УЈП, и ќе се развиваат инструменти за администрирање и управување со информациите од системот.

- ***Водење на прекршочни постапки***
  Во 2008 година, спроведени се претходни активности кои овозможуваат од 2009 година да отпочне водењето на прекршочните постапки во УЈП: отворање архиви во Регионалните дирекции и ДГДО за водење на постапките со преземање на предметите од судовите, формирање Служби за подготвување предмети за прекршоци во одделенијата за правни работи, и формирање Служби во одделенијата за надворешна контрола во регионалните дирекции и ДГДО за административна подготовка на поднесените барања. Едукацијата на ангажираните лица во постапката, изготвувањето на соодветна Оперативна Инструкција и обрасци за работа за сите фази на спроведување на постапката, изготвување на акт за извршната постапка и дефинирање на корисничко барање за софтверско решение, се активности кој ке бидат реализирани во 2009 година.

Во текот на 2009 година, ќе се работи и на донесување Упатство за примена на Законот за даночна постапка.

# ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ЗГОЛЕМЕНО НИВО НА ДАНОЧНИТЕ ПРИХОДИ ВО БУЏЕТОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА



# ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ЗГОЛЕМЕНО НИВО НА ДАНОЧНИТЕ ПРИХОДИ ВО БУЏЕТОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Обезбедувањето на зголемено ниво на даночните приходи ќе се остварува со преземање активности во повеќе домени, а првенствено за намалување на сивата економија и зголемување на бројот на даночните обврзници.

- ***Идентификување на нерегистрираните обврзници и нивно вклучување во легалниот даночен систем на Република Македонија***
  За остварување на оваа мерка во континуитет ќе се спроведува Инструкцијата за начинот на откривање на нерегистрираните обврзници, контрола, регистрација и задолжување со данок (преку следење на медиумски објави и советодавни посети), ќе се зголеми бројот на заеднички контроли со другите инспекциски органи (Пазарна инспекција, Министерство за внатрешни работи и др.) и ќе се врши задолжување со данок на откриените нерегистрирани даночни обврзници.

- ***Зајакнување на капацитетот на надворешната контрола***
  За зајакнување на даночната дисциплина се воведуваат современи методи и постапки на надворешна контрола: ќе се изготват и ќе се развиваат изготвените критериуми за ризик по различните видови даноци, различни видови даночни обврзници и за нерегистрирани даночни обврзници за планирање на надворешни контроли на национално и регионално ниво; ќе се врши анализа на резултатите за примена на критериумите и нивно софтверско интегрирање; ќе се подобруваат алатките за надворешна контрола; ќе се воведуваат и унапредуваат нови методи на контрола (канцелариска контрола, посета кај даночниот обврзник и пакет-контрола), нови техники за контрола (на ДДВ и на даноците на доход); ќе се имплементираат компјутерски контроли, методи и техники на контроли по специфични индустрии; ќе се изготви и спроведува Стратегија за лица со големо богатство стекнато од неоданочени или недоволно оданочени приходи; ќе се подготвуваат алатки и посебен компјутерски програм за специфични карактеристики на даночните обврзници; ќе се развиваат методи на контрола за борба против корупцијата, непријавените даноци и други казниви дела; ќе се врши набавка на соодветен хардвер и софтвер за спроведување на компјутерски контроли и соодветна едукација на вработените.

- ***Зајакнување на наплатата на даночните долгови***
  За зголемување на наплатата на даноците ќе се зајакнуваат методите за управување со долгот, како и ќе се утврдат методи за наплата на даночни долгови од јавните претпријатија и од даночни обврзници кои имаат побарувања од државни институции.

- ***Организирање и развој на Центарот за впаричување***
  Со цел зголемување на наплатата на заостанатите даночни долгови, се врши централизација на функцијата и ќе се организира и развива Центар за впаричување, односно ќе се преземаат активности за просторно, материјално-техничко и кадровско опремување, назначување и едукација на кадар, формирање архива на започнати постапки за присилна наплата, обезбедување простор за складирање на сите движни предмети и водење материјална и финансиска евиденција за истите.



## ПОДОБРУВАЊЕ НА УСЛУГИТЕ КОН ДАНОЧНИТЕ ОБВРЗНИЦИ

# ПОДОБРУВАЊЕ НА УСЛУГИТЕ КОН ДАНОЧНИТЕ ОБВРЗНИЦИ

Основна цел е продолжување на политиката на давање услуги на даночните обврзници и зацврстување на довербата на обврзниците кон УЈП, која е подготвена професионално да им помога во решавање на даночните работи и да ги поттикнува на доброволно пријавување на даноците.

- ***Подигнување на степенот на свесност на даночните обврзници за нивната социјална улога во општеството***
  За подигнување на свеста на обврзниците за нивната социјална улога во општеството ќе се изготвуваат пишани материјали во разни форми и ќе се вршат наменски обуки на вработените за давање поквалитетни услуги кон даночните обврзници. Во соработка со Советодавниот одбор на даночни обврзници на Македонија, како консултативно тело составено од стручни надворешни експерти, ќе се одржува и унапредува транспарентниот однос со стручната јавност и со даночните обврзници.

- ***Оспособување на даночните обврзници за доброволно и законско исполнување на нивните даночни обврски без интервенции на УЈП***
  Со цел натамошно зголемување на степенот на доброволно и законско исполнување на даночните обврски од страна на обврзниците ќе се организира и опреми Контакт Центарот за давање услуги на даночните обврзници, ќе се обезбеди кадар и изврши едукација на истиот, и ќе се набави софтвер за користење на базата на знаења. Ќе се спроведуваат анкети за испитување на задоволството на даночните обврзници од работата на УЈП. Во рамките на Проектот - Индустриско партнерство со даночни обврзници по определени дејности, за што ќе се организираат советодавни средби со припадниците на одбраните дејности и со нивните асоцијации, ќе се вршат согледувања за состојбите на оданочувањето во дејноста, ќе се преземаат активности на надворешна контрола за припадниците на дејноста, ќе се сумираат резултатите, ќе се формира статистичка база и ќе се остварува медиумска активност за резултатите.

- ***Обезбедување висок степен на развој на електронските услуги***
  Заради обезбедување современи технички претпоставки за остварување на поставените цели и задачи, ќе се обезбедува висок степен на развој на електронските услуги: навремено ќе се одржува и ажурира веб страната на УЈП; ќе се развива методот на електронско доставување на даночни пријави за малите и средните даночни обврзници и ќе се врши оптимизација на апликативното решение за услугите на овој вид обврзници; ќе се врши редизајнирање на е-Даночни сервиси; ќе се изготвува е-Даночен калкулатор за определена целна група; ќе се води е-Архива на наслови за УЈП во дневните печатени медиуми.






# РАЗВОЈ НА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

# РАЗВОЈ НА ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ

Основна цел е обезбедувањето на кадар со висок потенцијал способен професионално да одговори на современите работни предизвици. За остварување на оваа цел ќе се преземаат следните активности:

- ***Подобрување на структурата на вработените и на условите за работа***
  За подобрување на структурата на вработените ќе се реализаат програмите за вработување на соодветни кадри за различни функции и за новите надлежности на УЈП. За обезбедување соодветни услови за работа континуирано ќе се врши набавка на објекти и на потребната опрема, како и реновирање на објектите со заштитните знаци и бои на УЈП и со пријателски изглед за давање услуги на даночните обврзници.

- ***Системска насочена едукација за даночната проблематика и работните процеси и организирање на Регионална Даночна Академија***
  Со цел остварување на системска насочена едукација на вработените ќе се организира и спроведува Проект за едукација со организирање на Регионална Даночна Академија. Во функција на ова, во текот на 2009 година, ќе се изготви Стратегија и Акциски план, ќе се обезбедат средства и простор, ќе се воспостави база на податоци за едукацијата и за следење на резултатите од применетата едукација по вработен.

- ***Соодветно праведно и мотивирачко наградување***
  За стимулирање на работењето на постојниот кадар, како и привлекување и вработување на луѓе со високи потенцијали, во УЈП ќе се врши соодветно и мотивирачко наградување. Ќе се донесе и спроведува Стратегија за човечки ресурси и акти за мотивација базирана на учинок (имплеменетирање на бруто систем на плати и бонуси врз база на учинок), реализација на новата организација и систематизација на УЈП и донесување на содветни акти.

- ***Интегритет на вработените дефиниран во Етичкиот Кодекс***
  За натамошно јакнење на професионализмот и достоинството на вработените во УЈП ќе се преземаат активности за спроведување на Кодексот на етика на даночните службеници, ќе се изготвуваат акти за правата и обврските на вработените и за водење на дисциплински постапки и постапки за материјална одговорност, ќе се зајакнуваат антикоруптивните единици на внатрешната контрола и ќе се врши едукација на вработените ангажирани во активностите за сузбивање на коруптивните дејствија.





# ЗАЈАКНУВАЊЕ НА МЕЃУНАРОДНАТА СОРАБОТКА СО ЧЛЕНКИТЕ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА И СО ДРУГИ ЗЕМЈИ

# ЗАЈАКНУВАЊЕ НА МЕЃУНАРОДНАТА СОРАБОТКА

Зајакнувањето на меѓународната соработка со членките на ЕУ и со други земји ќе се остварува во домените сврзани за одбегнување на двојното оданочување или неоданочување, размена на податоците за даночни измами и размена на податоците за данокот на додадена вредност и акцизите во рамките на Европската унија (VIES и EMCS).

- ***Одбегнување на двојно оданочување или неоданочување***
  Заради обезбедување претпоставки за правилно оданочување на даночните обврзници по приходи остварени во странство и по приходи на странски лица остварени во земјата, согласно соодветните меѓународни договори за одбегнување на двојното оданочување или неоданочување, ќе се воспостави регистар на овластени лица за контакт и размена на податоци со земјите со кои Република Македонија има склучено договори за одбегнување на двојното оданочување и ќе се воспостави електронска и спонтана размена на податоци за одбегнување на двојното оданочување или неоданочување.

- ***Размена на податоци за даночни измами***
  Ќе се врши зајакнување на системот за размена на податоците за даночни измами и финансиски криминал и во тие рамки, ќе се определат овластени лица за размена на податоци и информации, ќе се создава хардверска и софтверска основа, ќе се врши едуцирање на кадарот ангажиран во овој домен.

- ***Размена на податоци за данокот на додадена вредност и акцизите во рамките на Европската унија – VIES и EMCS***
  Системите VIES и EMCS за размена на податоците за данокот на додадена вредност и акцизите во рамките на Европската унија се воспоставуваат пред влезот на Република Македонија во Европската Унија. За таа цел, во претстојниот период ќе биде потребно воспоставување на соодветна правна рамка, обезбедување техничка помош за изградба на системот и начинот на неговата употреба со едукација на вработените и обезбедување на технички и просторни услови за имплементација на системот.

**УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ**

Комплекс банки бб, 1000 Скопје
телефон 02/3299 500
факс 02/3281 010

е-пошта: info@ujp.gov.mk
www.ujp.gov.mk

***2009*** *Материјалот е наменет за некомерцијални цели на Управата за јавни приходи. Копирање, умножување и употреба на материјалот за комерцијални цели не е дозволено. При користење на податоци од публикациите на Управата за јавни приходи потребно е да се цитира изворот.*



